ЕКО-ГРУП е компанија која силно верува во правилното декларирање на производите и правото на информираност на потрошувачите во врска со производите кои ги купуваат. Честопати етикетите на производите не содржат доволно релевантни информации врз база на кои потрошувачите би го направиле својот избор при купувањето. Од другастрана производителите кои нудат помалку квалитетни производи честопати на етикетите на своите производи намерно изоставаат, додаваат или погрешно презентираат важни факти во поглед на квалитетот на производите. Со цел на потрошувачите да им обезбеди увид во сите релевантни информации за карактеристиките и предностите на своите производи, ЕКО-ГРУП креираше детални спецификации за секој производ. Овие податоци се достапни на интернет страницата на ЕКО-ГРУП но и преку QR (quick responce) кодовите достапни на етикетите на секој производ. Користејќи современ начин на пристап на информации ЕКО-ГРУП им овозможува на своите потрошувачи со едноставно скенирање на QR кодовите со мобилен телефон или таблет, да пристапат до спецификациите и сите релевантми информации за своите производи.

Чекор по чекор

1. Пронајдете го QR кодот на етикетата
2. Активирајте ја апликацијата за скенирање на QR кодови
3. Скенирајте го QR кодот
4. Пристапете до бараните информации